**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1113-83/6**

**Скопје, 06.05.2009 година**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ „КОМУНАЛЕЦ“ Ц.О. ГОСТИВАР**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Ц.О. Гостивар (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2007 година, кои се прикажани на страните од 21 до 24.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Ц.О. Гостивар за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   – Хасип Јусуфи - вршител на должност директор од 24.06.2005 година и директор од 05.10.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 20 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 18.11.2008 до 20.01.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

***Стратегија за управување со ризици***

10.1.1. Надлежните органи за раководење со претпријатието во 2007 година не превземале активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат што не е во согласност со одредбите на Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Непревземањето на наведените активности предизвикува отсуство/немање на стратегија за управување со ризиците, отсуство на активности за превенција и минимизирање на ризикот од неисполнување на целите.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење на претпријатието да превземат активности за утврдување, проценка и контрола на можните настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието/изготвување на стратегија за управување со ризиците и нејзино континуирано ажурирање и да го уредат начинот на вршење на внатрешна ревизија во јавното претпријатие.

***Процес за утврдување/следење на влезно/излезно количество на вода во водоснабдителниот систем/до корисниците***

10.1.2. Извршивме оценка на начинот на утврдување/следење на документацијата на влезно/излезно количество на вода во водоснабдителниот систем/до корисниците, при што констатиравме дека

водоснабдителниот систем целосно не е покриен со исправни протокомери/водомери на влез/излез на вода до и низ водоснабдителниот систем и не се обезбедени документирани контроли дека на сите приклучени корисници на водоводната мрежа се издадени дозволи од страна на јавното претпријатие. Исто така во претходниот период поради интензивното заматување на изворите на реката Вардар во Вруток (во 1986 година) голем број од водомерите се оштетиле за кое јавното претпријатие не презентираше соодветни веродостојни документи (број на оштетени водомери), а јавното претпријатие фактурира месечен паушал на потрошена вода. Наведените состојби предизвикуваат постоење ризик од: големи загуби на вода односно неможност за следење на вкупното количество испорачана/потрошена вода, немање контрола/владение врз вкупната водоводна мрежа од страна на јавното претпријатие, нанесување на континуирана материјална штета и намалување на приходите на претпријатието.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието да превземат активности за навремена и континуирана контрола на исправноста на протокомерите/водомерите, извршат замена на неисправните и обезбедат дозволи за сите приклучени корисници на водоводната мрежа.

***Процес на јавни набавки***

10.1.3. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата, што не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Ваквата состојба има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и законско користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните органи да пристапат кон пропишување, донесување и имплементирање на контролни постапки во процесот на јавни набавки.

10.2. **Неправилна примена на акти**

10.2.1. Јавното претпријатие е основано 1989 година со одлука донесена од Собранието на општина Гостивар во која не е наведен износот на средства/основачки влог на основачот – општина Гостивар, кој износ не е наведени ни во образец 2 прилог на судската регистрација од 20.02.2004 година во Основен суд Скопје I Скопје и не се презентирани уредни и веродостојни документи за потврдување на средствата искажани на сметката државен јавен капитал со што се изврши ограничување на делокругот на ревизијата. До денот на ревизијата не е определен износот на средства/основачки влог и не е извршено негово запишување во соодветниот регистар. Ваквата состојба не е во

согласност со Законот за трговски друштва и Законот за јавни претпријатија и има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаниот износ од 587.530 илјади денари на сметката државен јавен капитал во трговските книги.

**Препорака:**

Надлежните органи на претпријатието во соработка со основачот/општина Гостивар, да превземат активности за утврдување на основачкиот влог на претпријатието, обезбедат веродостојни сметководствени документи и извршат негово упишување кај надлежниот регистар.

10.2.2. Јавното претпријатие не ги превземало потребните активности за целосно уредување на работните активности на инкасантите (утврдување на корисниците на услугите, следење на промена на состојбите на терен, дистрибуција на сметките за вода/смет, нивна наплата, наплата на паркирање и друго) при што се констатирани долунаведените состојби и тоа:

- нема: интерен акт/правилник за регулирање/пропишување на сите работни активности кои ги извршуваат инкасантите (за вода/смет и паркирање) и веродостојни документи/докази дека целосно и навремено се извршуваат сите обврски (читање на водомери, контрола на терен и наплата );
- од вкупниот број (18) лица/инкасанти ангажирани за наплата на месечни сметки за вода/смет од корисниците и наплата на надомест за паркинг простор, шест (6) лица се ангажирани по договор на дело, без да се уреди начинот на обезбедување од можни злоупотреби на наплатените парични средства;
- не се користат фискални апарати и не се издаваат фискални сметки од страна на инкасантите при наплата во готово на надомест за паркинг простор.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Законот за работни односи, Законот за Агенциите за привремените вработувања и Законот за регистрирање на готовинските плаќања и имаат влијание на неуредување на работните активности на инкасантите, можност од злоупотреба, ненаменско и незаконско користење на расположивите парични средства во готово.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието да превземат активности за уредување на активностите на инкасантите, потребата од дополнителни вработени да го уредат со договор за вработување на неопределено/определено време, воведување на фискални апарати и издавање на фискална сметка за наплата на надоместок на име користење на паркинг простор.

10.2.3. Јавното претпријатие не превземало активности за изработка на Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места и Правилник за пресметка на нето платите што не е во согласност со член 30 и 39 од Статутот на јавното претпријатие донесен во 2003 година. Недонесувањето на наведените акти кои содржат податоци за организационата поставеност на целината/пооделните делови на претпријатието неопходни за извршување на дејностите, потребниот број на извршители, пропишана школска подготовка и стручна спрема,

работно искуство за секој вработен/работно место, опис и попис на работните задачи, влијаат односно создаваат услови за несоодветна организациона поставеност на работењето, ангажирање/вработување на лица со несоодветна стручна подготовка и школска спрема/работно искуство, субјективен пристап при определување и пополнување на работните места и утврдување на платите на вработените.

**Препорака:**

Надлежните органи на претпријатието да превземат активности за изработка на наведените акти и пристапат кон уредување на меѓусебните права и обврски со вработените по пат на склучување на договори за вработување и утврдување на бруто плата.

10.2.4. Во периодот од 24.06.2005 година до 05.10.2005 година и од 05.10.2005 година со јавното претпријатие раководи вршител на должноста директор односно директор без притоа да се превземат активности за навремено пријавување и запишување кај надлежните органи на лицето овластено за застапување и склучување на менаџерски договор помеѓу директорот на претпријатието и градоначалникот на општина Гостивар. Во надлежниот суд е извршено запишување на лицето овластено за застапување на 28.07.2005 година (како вршител на должноста директор) а во Центарот за вработување-Гостивар извршено е пријавување/одјавување на ден 31.08.2006 година/01.09.2006 година односно со задоцнување од една година и пет месеци од денот на назначување на вршител на должност на јавното претпријатие. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за јавни претпријатија, Законот за работни односи и Законот за трговски друштва. Непревземањето на активности за склучување на наведениот договор предизвикува отсуство на уредување на правата, одговорностите и обврските на директорот на претпријатието и градоначалникот на општината, несоодветно раководење со претпријатието и неможност од превземање мерки за одговорност на директорот на претпријатието.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината и законскиот застапник на претпријатието да превземе активности за склучување на договор за уредување на правата, одговорностите и овластувањата на директорот на претпријатието и да се изврши промена на статусот на законскиот застапник во Централниот регистар на Република Македонија.

10.2.5. Јавното претпријатие во трговските книги искажува приходи на име надомест за приклучување на водоводната мрежа и канализационата мрежа во вкупен износ од 6.015 илјади денари при што во процесот на уредување на меѓусебните односи со давателот на услугите (јавното претпријатие) и корисниците на услугите се констатирани одредени состојби кои не се во согласност со одредбите на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за трговските друштва и Законот за облигационите односи и тоа:

- на одредени корисници е извршено приклучување на вода/канализација без целосно комплетирање/обезбедување на сите документи (молба-барање за давање согласност за приклучок на водоводна/канализациона мрежа; потврда од јавното

претпријатие дека се платени комуналиите односно подмирени обврски за вода и смет);

- дел од изработените работни налози за приклучок на водоводна/канализациона мрежа не ги содржат сите потребни елементи/податоци (бројот на извршители, бројот на реализирани часови, потврдување/опис и потпис дека работата фактички е реализирана/извршена, и не се изготвува акт за технички прием на извршеното приклучување);
- не се превземени мерки и активности за изработка, доставување и потпишување на договори за уредување на меѓусебните права и обврски меѓу давателот/јавното претпријатие и корисниците на вода, физички и правни лица во градските и приградските места, односно истите се склучуваат само со оние корисници на кои е одобрено плаќање на износот за приклучок на повеќе рати;
- не се презентирани акти/записници од извршен увид на лице место за приклучување на водоводна/канализациона мрежа, од страна на техничката служба, за што се наплатува илјада денари;
- не е извршено фактурирање за извршените услуги по работен налог за приклучок на канализациона мрежа број 39/11 од 23.07.2007 година на улица Борис Кидрич бб Гостивар во бруто износ од 831 илјада денари. По препорака од ревизијата јавното претпријатие изврши фактурирање со датум 31.12.2008 година;
- при плаќање во готово/еднократно на име надомест за приклучување на водоводна/канализациона мрежа не се изработува фактура, а приходот се евидентира само по каса прими.

Ваквата состојба создава услови за несоодветно и неквалитетно извршување на услугите, отежната наплата на извршените услуги и неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните износи на сметката купувачи во земјата, финансискиот резултат, нереални и необјективни финансиски извештаи и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието да превземат активности за уредување на постапките за приклучување на водоводна/канализациона мрежа, изработените работни налози да ги содржат сите потребни елементи/податоци, да се изготвуваат записници од извршен увид на лице место, континуирано изработување на фактури по работни налози и доставување и потпишување на договори.

10.2.6. Јавното претпријатие во трговските книги искажува приходи остварени од надомест за паркирање на паркинг простор во износ од 439 илјади денари при што во уредување на меѓусебните односи со основачот, јавното претпријатие и извршување на дејноста/ наплата на надомест за паркинг простор се констатирани состојби кои не се во согласност со одредбите на Законот за комуналните такси, Законот за трговските друштва и Законот за комунални дејности и тоа:

- не е презентиран акт со кој од страна на основачот е доверено вршењето на јавна услуга „одржување и користење на јавниот простор за паркирање“ освен одлука за утврдување на висината на комуналната такса;
- не е воспоставена евиденција за задолжување по лице/инкасант за примени и искористени парагон блокови за паркирање (по број на кочани и по апоени/вредност);

- не е извршен попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на применените/искористените парагон блокови и уплатените средства по овој основ;
- во годишната програмата за работа за 2007 година, не се планирани/искажани расходите/приходите за извршување на услугата паркирање, односно во извештајот за работа на јавното претпријатие за 2007 година не се презентирани податоци за расходите/приходите по овој основ;
- не е извршено уплатување на наплатените средства на име комунална такса за паркинг простор во корист на соодветната уплатна сметка на Буџетот на општина Гостивар.

Ваквата состојба предизвикува извршување на јавна дејност без одлука од основачот и уредување на меѓусебните права и обврски, неможност од потврдување на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и можност од злоупотреба на наплатените средства.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието во соработка со основачот да превземат активности за: донесување/обезбедување акт за доделување на дејноста „одржување и користење на јавниот простор за паркирање“ од страна на основачот, воспоставување евиденција/задолжување на лице за прием, чување и издавање на парагон блокови за паркирање, вршење редовен годишен попис, утврдување на соодветен надоместок за извршување на наведената дејност и негово инкорпорирање во програмата за работа на претпријатието.

10.2.7. Советот на општина Гостивар на ден 13.10.2003 година донел одлука за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште-градска рента (по м2 единечна површина месечно и фиксен износ по зони) и начинот на наплата и употреба на средствата на подрачјето на општина Гостивар, притоа задолжувајки ги Јавното претпријатие „Гостивар“ Гостивар и Јавното претпријатие „Комуналец“ Гостивар да се грижат за спроведување на наведената одлука, односно фактурирањето и наплатата ќе ја врши јавното претпријатие со обврска наплатените средства да ги уплати во корист на Јавното претпријатие „Гостивар“ Гостивар. Донесувањето на наведената одлука не е во согласност со одредбите на Законот за градежно земјиште кој не содржи одредби за употреба на градежното земјиште односно одредби за уредување на надоместокот за употреба на градежното земјиште. Јавното претпријатие заклучно со известувачкиот период на име обврски спрема поврзани субјекти искажува вкупен износ од 33.928 илјади денари по месечни сметки за смет за физички лица. Јавното претпријатие не превземало активности за: укажување на незаконитоста на наведената одлука и уплатување на наплатените средства во корист на Јавното претпријатие „Гостивар“ Гостивар. Ваквата состојба предизвикува незаконско наплатување и располагање со средствата на име надоместок за употреба на градежно земјиште/градска рента.

На ден 05.08.2008 година Уставниот суд на Република Македонија донел одлука со која се укинува одлуката за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште-градска рента донесена од Советот на општина Гостивар со правно дејство од 19.03.2008 година. Јавното претпријатие го напуштило воспоставениот начин на фактурирање и наплата на наведениот надоместок со издавањето на месечните

сметки од месец 04.2008 година, за што ревизијата во овој дел на утврдената состојба не дава препорака.

10.2.8. Јавното претпријатие започнувајќи од 2003 година заклучно со известувачкиот период (31.12.2008 година) односно до денот на ревизијата врши континуирана исплата на парични средства во готово (по каса исплати) на физичко лице за купување на недвижен имот за проширување на градските гробишта, при тоа во трговските книги, со состојба 31.12.2007 година е искажан износ од 813 илјади денари, (исплатено во 2003 година/68 илјади денари, во 2006 година/625 илјади денари, во 2007 година/120 илјади денари и во 2008 година/150 илјади денари) односно до денот на ревизија износ од 963 илјади денари. За наведените исплати не се презентирани веродостојни и уредни докази со кои може да се потврди дека лицето е сопственик на недвижниот имот предмет на купопродажбата освен непотпишан договор за купопродажба на недвижен имот во атарот на с.Дебреше во место викано „Гостиварски лозја“ со површина од 750 м2 кп.бр.30-174 за цена од 922 илјади денари. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за сопственост и други стварни права, Законот за катастар на недвижности, Законот за трговски друштва и Законот за даноците на имот и истата има за ефект исплата на средства без остварување на правото на сопственост и негово упишување во јавните книги и неподмирување на обврските на име данок на промет на недвижности.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да ги превземат потребните активности за склучување на нотарски акт (пред договор) со наведеното лице за исплатените средства.

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да ги превземат потребните активности за утврдување на временската рамка до кога лицето кое ги примило средствата има обврска да ја уреди имотно правната состојба на наведената недвижност, обезбеди имотен лист, склучат нотарски акт за наведената купопродажба, го запишат правото на сопственост и ги подмират обврските на име данок на промет на недвижности.

10.2.9. Јавното претпријатие во трговските книги во известувачкиот период на име извршени погребални услуги искажува приход во износ од 1.803 илјади денари, при што во извршувањето на наведената дејност се констатирани долунаведените состојби:

- не се презентирани акти за воспоставена евиденција согласно одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување од 1998 година;
- не се превземени мерки и активности за: склучување договори за партиципација-учество за резервација на гробно место во времетраење од десет (10) години, воспоставување на аналитичка сметководствена евидентција за секој склучен договор по корисник, следење на динамиката на користење на услугите, идентификување на трансакцијата и спротивставување на приходите и расходите кои се однесуваат на иста трансакција;
- основачот не дал согласност на одлуката од управниот одбор за донесување на ценовник за погребни услуги донесен на ден 29.10.2003 година од управниот одбор и не се утврдени цените за

продажба на погребна опрема и висината на такса за правните лица кои вршат одредени активности (услуги)/изградба на надгробни споменици.

Непочитувањето на одредбите од одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување, Законот за трговските друштва, МСС и Законот за јавни претпријатија предизвикува несоодветна евиденција за сите корисници на погребални услуги, несоодветно признавање на приходите и расходите, и намалување на квалитетот на финансиските извештаи односно веродостојноста на информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да превземат активности за усогласување на работењето на претпријатието, воспоставување на потребните евиденции и обезбедување на потребните согласности од основачот.

10.2.10. Јавното претпријатие во трговските книги со состојба на известувачкиот период (31.12.2007 година) на име обврски за помалку платени: данок на додадена вредност, данок од добивка, персонален данок и придонеси од плати (придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување) искажало обврски во износ од 132.489 илјади денари и тоа како што следува:

- данок на додадена вредност во износ од 34.991 илјада денари кои потекнуваат од 2000 година. Според податоците (конфирмација) добиени од Управата за јавни приходи регионална дирекција Тетово наведената обврска изнесува 35.687 илјади денари и камата за ненавремено плаќање износ од 22.430 илјади денари;
- данок од добивка во износ од 696 илјади денари кои потекнуваат од 2003 година. Управата за јавни приходи регионална дирекција Тетово има издадено решение за присилна наплата (извршно на ден 08.10.2007 година) на износ од 14.812 илјади денари од кои 8.487 илјади денари главен долг и 6.325 илјади денари камата, која обврска со налог за книжење број ДД0001 од 01.01.2009 година е искажана во трговските книги на претпријатието;
- персонален данок на доход во вкупен износ од 25.637 илјади денари кои потекнуваат од 2001 година;
- придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 57.521 илјади денари кои потекнуваат од 2001 година;
- придонес за здравствено осигурување во износ од 8.842 илјади денари кои потекнуваат од 2001 година;
- придонес за вработување во износ од 4.802 илјади денари кои потекнуваат од 2001 година.

До известувачкиот период истите не се платени, што не е во согласност со одредбите на Законот за данок на додадена вредност, Законот за данокот од добивка, Законот за персоналниот данок на доход, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за здравствено осигурување и Законот за вработување. Непочитувањето на одредбите од наведените законски акти/неплаќањето на наведените даноци и придонеси предизвикува, потценување на приходите на Буџетот на Републиката и Буџетот на Фондовите за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати даноците и придонесите, зголемување на трошоците на претпријатието за камати

заради ненавремено плаќање на наведените обврски и нецелосно искажување на обврските пред се во делот на каматите.
Јавното претпријатие не презентираше барање за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување упатено до надлежните органи согласно Законот за за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување.

Јавното претпријатие согласно Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување, до Фондот за здравствено осигурување на Р.Македонија подрачна служба Гостивар доставило барање за утврдување на мирување на долгот по основ на неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување за што Фондот на ден 29.01.2009 година издало решение за мирување на обврските доспеани за плаќање до 31.10.2008 година, (период на мирување 01.01.2009 до 31.12.2012 година) за износ на обврски од 5.883 илјади денари по основен на главен долг и 3.541 илјади денари на име камата на главен долг, за што ревизијата во овој дел на утврдената состојба не дава препорака.

На ревизијата е презентирана информација број 01-59/2 од 12.02.2009 година која е упатена до надлежните органи во која се: опишува настаната економска состојба на претпријатието, намалената солвентност и ликвидност на претпријатието, застарената механизација, ненаплатените побарувања и неплатените обврските на име даноци и придонеси кои заклучно со денот на изготвувањето на информацијата изнесуваат 157.087 илјади денари и се бара превземање на мерки од надлежните органи.

**Препорака:**

Надежните органи за управување и раководење со претпријатието во соработка со основачот на претпријатието и надлежните органи да превземат мерки за изработка на Програма за санација на претпријатието и го уредат начинот на подмирување на заостанатите и тековни даноци и придонеси.

10.2.11. Јавното претпријатие во текот на 2007 година извршило искажување на приходи во износ од 2.154 илјади денари во делот на сметката приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар/приходи од манипулативни трошоци по основ на фактурирани износи за автоматска обработка на податоци/манипулативни трошоци во месечните сметки/фактури за наплата на вода/смет за физички (10,00 денари) и правни лица (30,00 и 50,00 денари) за кои не е презентиран акт за висината на истите/обезбедена согласност од основачот. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за заштита на потрошувачите и Законот за јавните претпријатија што предизвикува искажување на неоснован приход на име манипулативен трошок во износ од 2.154 илјади денари и незаконско зголемување на цените на извршените услуги.

По препорака на ревизија и презентираните месечни сметки за вода/смет од физички/правни лица јавното претпријатие од месец јануари 2009 година престанало да врши искажување, пресметка и наплата на манипулативни трошоци заради што ревизијата за овој дел од утврдената состојба не дава препорака.

10.2.12. Јавното претпријатие воспоставило пракса на одредени корисници да доделува попусти (од 10%, 20%, 25% или 30%), плаќање на рати (од две, шест до дванаесет) и да врши сторнирање/бришење од евиденцијата на побарувањата (правни и физички лица) по разни основи (месечни сметки за вода и смет, надомест за приклучок за вода и канализација и друго) и тоа врз основа на потпис од страна на директорот и наведување на процент на попуст/износ за сторнирање при што намалениот износ е основ за склучување на договор односно плаќање на рати. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија и Статутот на јавното претпријатие и има за ефект нерамноправна и нееднаква положба на корисниците на услугите нанесување на материјална штета на претпријатието и пречекорување на овластувањата и надлежностите на директорот на претпријатието.

**Препорака:**

Надлежните органи на претпријатието да превземат соодветни мерки и активности за напуштање на воспоставената пракса и донесување/пропишување/применување на политики за начин на постапување и документирање на случаите кога корекцијата на побарувањето е оправдано.

10.2.13. При увидот на интерните акти/активности кои според одредбите на Законот за јавни претпријатија надлежните органи на управување во јавното претпријатие треба да ги донесат/реализираат, утврдени се долунаведените состојби и тоа:

- не е извршено усогласување на статутот од 14.07.2003 година со измените и дополнувањата на Законот за јавни претпријатија;
- советот на општина Гостивар на ден 31.01.2007 година ја усвоил програмата за работа на јавното претпријатие за 2007 година без, истата да содржи податоци за поединечните износи на парични средства потребни за реализација на сите активности/програмски определби во текот на годината;
- не се изработен детален финансиски план кој ги содржи сите приходи и расходи на јавното претпријатие вклучувајки ги и инвестициите на претпријатието и нивната динамика на реализирање;
- не се презентирани тримесечни односно шест месечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење и нивно доставување до управниот одбор и основачот на претпријатието;
- надзорниот одбор/одборот за контрола на материјално-финансиското работење не се состанал најмалку четири пати годишно, односно истиот во текот на 2007 година се состанал еднаш (за прифаќање на завршната сметка за 2006 година), не донел акт/мислење за годишните сметки и извештаите за работа на јавното претпријатие за 2006 и 2007 година (освен што ја прифатил завршна сметка за 2007 година што е наведено во записникот од 14.03.2008 година) и не донел/недоставил извештај за прегледот на годишните сметки и извештајот за работење на јавното претпријатие со свое мислење до Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски;
- не е донесен акт од страна на управниот одбор за начинот на покривање на загубата на претпријатието.

Непочитување на одредбите од наведиот закон придонесува ограничување на надлежностите на основачот на јавното претпријатие,

увид во состојбата на претпријатието и превземање на конкретни активности за остранување на неповолните состојби во претпријатието.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието и основачот да превземат мерки за задолжување на надлежните лица и органи за: усогласување на статутот на претпријатието; редовно и квалитетно изготвување на програмите/финансискиот план и извештаите за работењето на претпријатието, одржување на потребниот број на состаноци на надзорниот одбор и изготвување на извештај за прегледот на годишните сметки и извештај за работењето на јавното претпријатие со соодветно мислење и нивно доставување до надлежните органи и донесување на акт за покривање на загубата на претпријатието.

10.2.14. Во Извештајот за работата на претпријатието за период од 01.01.2007 до 31.12.2007 година се наведени локациите и површините од градот Гостивар на кои во текот на годината се одржувало зеленилото врз основа на Програмата за работа на јавното претпријатие „Комуналец“ Гостивар за 2007 година и Програма за одржување на јавната хигиена со зеленилото и атмосферската канализација во град Гостивар (не потпишана и архивски не е заведена). Во програмата за одржување... планиран е износ од 4.132 илјади денари, за одржување на зеленилото при што не се презентирани докази за реализација на потребните активности во текот на 2007 година. Не презентирањето на веродостојни докази (работни налози и фактури за извршено фактурирање на извршените услуги на терет на основачот и не пресметување на данок на додадена вредност) не е во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за данокот на додадена вредност, Законот за јвни претпријатија и МСС-18 Приходи. Ваквата состојба предизвикува нереално и необјективно прикажување на позициите во финансиските извештаи односно искажување на помали износи на сметките: побарувања, трошоци/приходи за наведените услуги, обврски за данок на додадена вредност и нереален финансиски резултат за тековната година.

.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието во соработка со основачот на претпријатието да пристапат кон уредување на начинот на одржување на јавната чистота во општина Гостивар (донесување годишна програма, утврдување на надоместокот за јавна чистота, начинот на фактурирање и наплата) и редовно фактурирање на извршените услуги на име одржување на јавната чистота.

10.2.15. Надлежните органи за раководење со претпријатието не ги превземале потребните активности за усогласување на своето работење со одредбите на Законот за управување со отпадот и подзаконските прописи од оваа област, при што ревизијата ги констатира следните состојби:

- претпријатието ја нема воспоставено потребната евиденција (секојдневна) во пропишаниот образец дневник согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината

на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (член 39) (пред се Прилог број 6, Прилог број 7), нивна консолидација на крајот на годината и нивно доставување најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година до надлежниот орган за вршење на стручните работи од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината,

- претпријатието не презентираше дозвола за собирање и транспортирање на отпад, ниту презентираше акт дека ги превземал потребните активности/постапки за обезбедување на потребните дозволи што не е во согласност со одредбите на член 43 и 45;
- претпријатието не превземало активности за склучување на договори со создавачите на комерцијалниот отпад за негово собирање и транспортирање, што не е во согласност со одредбите на член 43 став 8;
- претпријатието не презентираше соодветни докази и не превземало активности за поставување на садови за селектирање на комуналниот отпад со кое се овозможува селектирање на отпадот пред негово собирање, што не во согласност со одредбите на член 44 став 3;
- претпријатието не презентираше соодветни докази дека превземале активности за вработување на најмалку едно лице со стручна подготовка согласно со прописите за регистрација за вршење на дејност што не е во согласност со одредбите на член 45 став 3;
- јавното претпријатие не ги почитува одредбите и правилата за горење и за согорување на отпадот односно се врши неконтролирано отстранување на отпадот по пат на спалување што не е во согласност со одредбите на член 24-а и 94 (слика бр. 1).

Ваквата состојба предизвикува несодветно постапување со отпадот и можност за опасност по заштитата на животната средина и здравјето на луѓето. (слика 1)

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да ги превземат потребните активности за соодветно управување со отпадот, ги обезбедат потребните дозволи од надлежните органи и ги уредат односите со создавачите на комерцијалниот отпад.

### 10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.3.1. Согласно Елаборатот од извршениот попис на средствата и изворот на средствата за периодот 01.01.2007 до 31.12.2007 година, (усвоен од Управниот одбор на 14.02.2008 година) определен е износ за расходување на разни материјални средства и залихи, односно набавна и отпишана вредност од 6.628 илјади денари, за кои јавното претпријатие не превземало активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики за начинот на постапување/документирање на понатамошното постапување со истите. Дел од наведениот расход во износ на набавна и отпишана вредност од 5.407 илјади денари се однесува на возила (специјални, лесни) и телефонска централа за кои не е презентиран акт/посебна пописна листа за локацијата на која се наоѓаат истите односно не е презентирана посебна листа на предмети за продажба за кои

директорот на ден 04.06.2008 година донел решение за формирање на времена комисија за спроведување на лицитација/продажба на апарати и други технички помагала кои не се во употреба и оглас за јавна лицитација. Воедно на ревизијата не е презентиран акт за фазата до која се реализирани/нереализирани активностите на наведената времена комисија. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за трговски друштва и МСС и има за ефект можност од ненаменска/незаконска употреба на средствата на претпријатието односно стекнување со имотна корист од страна на поединци.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат активности за пропишување на политики за начинот на понатамошно постапување со расходованите материјални средства и залихи во сите фази и обезбедат веродостојни докази за состојбата на расходованите средства.

10.3.2. Не се превземени активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики за начинот на постапување и искажување на: старосната структура на побарувањата, застарени, тужени, односно сомнителните и спорни побарувања од купувачите во земјата во трговските книги и навремено превземање мерки за одобрување и доставување на податоци/документи, за утужување на сите ненаплатени побарувања (кои потекнуваат од 2004 година во износ од 11.891 илјади денари од физички лица и 12.360 илјади денари од правни лица, дел од физички/правни лица од втората половина на 2005 година, од 2006 и 2007 година во поединечни износи од 2 до 5 илјади денари) што не е во согласност со Законот за облигационите односи, МСС 18 Приходи и на Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи. Ваквата состојба предизвикува нереално и необјективно прикажување на сметките: вредносно усогласување на краткорочните побарувања, побарувањата од купувачите и финансискиот резултат за финансиската година.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење на претпријатието да воспостават процедури и ги задолжат вработените за континуирано следење на старосната структура на побарувањата, доставување информации за утужување на истите и да го информираат управниот одбор за потребата од донесување на соодветен акт за нивно вредносно усогласување/отпишување.

10.3.3. Јавното претпријатие во процесот на располагање на паричните средства во готово не обезбедило доследно почитување на одредбите од Законот за платниот промет, Законот за трговските друштва, Законот за исплата на платите во Република Македонија и МСС, и не превземало мерки за пропишување, донесување и имплементирање на политики за обезбедување на навремено, ажурно, целосно и точно искажување на сметководствените настани во главна благајна, при што се констатирани следните состојби:

- во текот на 2007 година 46% од вкупниот промет на парични средства по сите основи го врши во готово преку благајна чиј промет изнесува 43.530 илјади денари;

- континуирано започнувајќи од март 2001 година се врши исплата на нето платите на вработените во готово. На овој начин во текот на 2007 година се исплатени нето плати во износ од 23.198 илјади денари;
- уплатените парични средства во главна благајна по сите основи не се уплатуваат истиот, а најдоцна наредниот работен ден на сметката/трансакциона сметка на јавното претпријатие, истите се користат за исплата на разни трошоци/намени;
- селективно по потреба се врши уплата на средствата од благајна во корист на сметката на претпријатието за подмирување на јавните давачки и обврските кон добавувачите;
- не е презентиран акт за висината на парични средства на годишно ниво (благајнички максимум), иако во текот на 2007 година салдото во главна благајна достигнува над 2.500 илјади денари.
- не се чуваат (до редовниот годишен попис) кочаните на каси прими/каси исплати кои се прилог на сметководствената документација за главната благајна за 2007 година;
- не секогаш примените/наплатените парични средства во готово се со прилог на веродостоен документ како основ на наплатениот/евидентираниот приход,
- се врши плаќање по сметкопотврди за набавка на производи и услуги во готово за ист предмет на набавка од ист добавувач, со иста дата (делење на набавката) при што збирниот износ на сметкопотврдите е повисок од 100 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на плаќањето односно 6 илјади денари,
- каситe исплати не секогаш ги содржат сите податоци/елементи од кои ќе се види лицето на кои се исплатени паричните средства, намената на истите, сите потребни потписи за верификација, а сметкопотврдите не содржат печат од правното лице кое истите ги издало, прилог фискална сметка, точен предмет на набавка, итн.

Ваквите состојби имаат за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните износи на трошоците евидентирани преку главна благајна, можност од незаконско и ненаменско користење на средства и неподмирување на даноците и придонесите од плата.

Управниот одбор јавното претпријатие на ден 23.12.2008 година донел одлука за висината на благајничкиот максимум за 2009 година и истиот го утврдил на износ од 1 милион денари заради што ревизијата не дава препорака за овој дел на утврдената состојба,

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат мерки за пропишување, донесување и имплементирање на политики за начинот располагање на паричните средства и благајничко работење.

10.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Јавното претпријатие не превземало активности за вршење на целосен и квалитетен попис на средствата и изворите на средствата за 2007 година, при што ревизијата ги констатираше следните состојби:

- не е извршено: попис на средствата искажани на сметката земјишта и шуми, нивно вредносно усогласување со пазарната вредност, целосно завршување на постапката на евидентирање/запишување

на сопственоста во надлежниот катастар и не се презентирани акти за основот на евиденција во трговските книги;

- не е извршен попис на туѓи возила Ивеко-пајак возило и Тојота-патничко моторно возило, дадени на користење на јавното претпријатие/сопственост на општината и истите не се евидентирани во трговските книги;
- не е извршено: попис, евидентирање во трговските книги и соодветно задолжување со огненото оружје и муниција наведени во записникот од 24.05.2000 година за извршен преглед на огнено оружје од страна на овластен работник од Министерството за внатрешни работи;
- за искажаните градежни објекти во бруто износот од 588.476 илјади денари, пописната комисија не извршила проверка на основот на евидетирањето на средствата во трговските книги и не се дадени препораки за евидентирање/запишување на сопственоста во надлежниот катастар.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва, МСС и Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, што предизвикува неможност од усогласување и потврдување на книговодствената со фактичката состојба на материјалните средства, потврдување на целосноста и сеопфатноста на искажаните средства, оневозможување за утврдените разлики да се произнесе надлежниот орган и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење со претпријатието да пропишат политики за начинот на вршење на попис на средствата и изворите на средства и ги задолжат вработените за искажување на наведените средства во трговските книги.

10.4.2. Јавното претпријатие во трговските книги на сметката материјални средства во подготовка искажало износот од 65.064 илјади денари по основ на започната изградба на пречистителна станица (од 1991 година) без целосно презентирани акти за основот на евиденција (поништена сметководствена документација до 2001 година), што не е во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва. Според информацијата за состојбата со изградба на пречистителна станица за вода за пиење-Гостивар од 2003 година користени се средства за изградба на наведениот објект од: сопствени извори 675 илјади ДЕМ, ФАРЕ програмата во 1996 година 16.094 илјади денари и во 1998 година 5.493 илјади денари, дел од опрема од белгиската влада (по записник кој не содржи вредност на опремата) и во 2001 година 55.184 илјади денари средства од продажбата на Телекомот (од кои износ од 27.790 илјади денари не се искористени). Со извршената посета на местоположбата на наведениот објект ревизијата констатира дека јавното претпријатие не превземало мерки за конзервација на објектот или пак градежни активности за продолжување на градбата и соодветна заштита на истиот од неовластен пристап на поединци. Ваквата состојба има за ефект: руинирање на градежниот објект, кражба на поставената опрема и отсуство на пречистување на водата за пиење на граѓаните на

општина Гостивар (зафаќање и дистрибуција директно од изворот Вруток). (слика 2)

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието во соработка со основачот на претпријатието и надлежните органи од централната власт да превземат активности за изработка на студија за обезбедување на финансиска конструкција за дозавршување на наведениот објект, нејзин технички прием и пуштање во употреба.

10.4.3. Јавното претпријатие во трговските книги на сметката вложувања во поврзани субјекти, искажало износ од 2.740 илјади денари кој потекнува од 1998 година и се однесуваат на акции на јавното претпријатие во Стопанска Банка АД Скопје, за кое јавното претпријатие не презентираше веродостојни документи што не е во согласност со Законот за трговските друштва. По барање на претпријатието, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 04.03.2008 година доставило известување според кое јавното претпријатие не е евидентирано како акционер на Стопанска банка. Ваквата состојба има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажниот износ на наведената сметка и нанесување на материјална штета на претпријатието.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат мерки за утврдување на фактичката состојба со наведените вложувања, основот за нивното одземање/бришење и поведување на соодветна постапка пред надлежните органи.

10.4.4. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 54 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 19 одговори, што претставува 35 % од вкупно испратените, од кои 12 се потврдени односно 63 % од пристигнатите, а 7 не се потврдени односно 37 %, додека 35 воопшто не одговорија што претставува 65% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите комитенти кое ја оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препорака:**

Јавното претпријатие да превземе мерки и активности за континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица (комитентите) со кои имаат деловна соработка, заради нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи.

10.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.5.1. Јавното претпријатие континуирано, подолг временски период не постапува по одредбите на Законот за јавни набавки односно воопшто не започнала имплементацијата на одредбите на истиот во работењето на јавното претпријатие, при што како резултат на ваквата

состојба во текот на 2007 година се извршени набавки на градежни материјали, авто делови, ХТЗ опрема, водоводна фитингерија, печатарски услуги како и контејнери за собирање на смет без да спроведе соодветна постапка во вкупен износ од 14.486 иљјада денари и тоа за:

- набавки во износ од 12.818 иљјади денари (прилог бр:1) и
- набавки од мала вредност во износ од 1.668 иљјади денари ( прилог бр:2)

Ваквата состојба создава можност од ненаменско и незаконско користење на средствата, необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, фаворизирање на одреден понудувач, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи на раководење во претпријатието да обезбедат услови за примена на постапките за доделување на договорите за јавните набавки, и пропишат политики за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки со особен осврт на секторските договори, вклучувајќи ја и реализацијата и следењето на договорите за јавни набавки.

10.5.2. Јавното претпријатие во текот на 2007 година ангажирало физички лица за извршување на определени активности во претпријатието со кои склучува месечни договори на дело, чиј што број од месец во месец е променлив и се движи од 32-51, за што се искажани и исплатени трошоци на име надомест на трошоците за вработените во износ од 3.618 иљјади денари и пресметан персонален данок на доход во износ од 493 иљјади денари. Ангажирањето на физичките лица врз основа на договор за дело, без истите да бидат ангажирани преку агенција за привремени вработувања, не е во согласност со Законот за работни односи, Законот за облигациони односи и Законот за Агенциите за привремените вработувања. Непочитувањето на законските прописи предизвикува ангажирање на лица спротивно на законските прописи и неможност за остварување на правата од работен однос односно право на ПИО и здравствено осигурување.

**Препорака:**

Претпријатието да превземе мерки за пропишување на соодветни политики за утврдување на потребата од дополнителна работна сила, пополнување на слободни работни места и нивно ангажирање преку надлежните институции.

10.5.3. На име трошоци за асистенција при извршување/наплата на заостанати побарувања во корист на лица од Основен суд-Гостивар врз основа на каса исплати исплатени се средства во износ од 300 иљјади денари, за кои не се приложени веродостојни сметководствени документи, што не е во согласност со Законот за трговските друштва. За потврдување на веродостојноста, наменската и законската исплата на наведените средства ревизијата се обрати до претседателот на Основниот суд-Гостивар, при што е добиен одговор во кој се содржани информациите дека во текот на календарската 2007 година од страна на ЈП Комуналец Гостивар во корист на депозитната сметка на Основниот суд-Гостивар уплатени се средства во износ од 50 иљјади денари, за истите е даден преглед на лицата за кои се исплатени

средствата и дека други парични средства во благајна во готово не се примени. Ваквата состојба влијае ревизијата да изрази сомнеж на законската и наменската исплата на средства.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието потребата од ангажирање на лица од други надлежни органи да го извршуваат врз основа на писмен акт, износот на потребниот надоместок да го уплатуваат преку носителот на платен промет на соодветна трансакциска сметка и да ја испитаат намената на исплатените средства и одговорноста на лицата кои ја одобриле исплатата на наведените средства.

10.6. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.4. предизвикуваат неизвршено вредносно усогласување на материјалните средства/земјишта, отсуство на веродостојни докази за потврдување на материјалните средства во подготовка и вложувањата во поврзани субјекти.

11. Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 10.2.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Ц.О. Гостивар под 31 Декември 2007 година.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. и 10.5. кај Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Ц.О. Гостивар не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година.

13. Обрнуваме внимание на подолу наведените состојби:

13.1. Ценејќи ја состојбата со управувањето со отпадот во Република Македонија, временската рамка за донесување на Стратегијата за управување со отпадот, Планот за управување со отпад на Република Македонија, Плановите за управување со отпад на општините и Програмите за управување со отпад, ревизијата смета за потребно да укаже дека градоначалникот на општината не достави на ревизијата веродостојни докази од кои може да се констатира дека ги превземал потребните активности согласно Законот за управување со отпадот пред се за:

- определување на локации каде што можат да бидат изградени, односно поставени претоварни станици;
- пропишување и предлагање на правила за постапување со комунален и со други видови неопасен отпад;
- водење грижа за собирање и селектирање на комуналниот отпад (обезбедување на садови за собирање и селектирање на комуналниот отпад од страна на давателот на услугата/јавното претпријатие) ;
- развивање и спроведување на мониторинг за управување со неопасниот отпад,
- создавање на катастар на создавачи на отпад;
- затварање на депониите кои не поседуваат дозвола за вршење дејност отстранување на отпад, затварање и рекултивирање на дивите депонии и

- превземање на активности за основање на депонија и поднесување на барање за основање на депонија до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Ваквата состојба предизвикува несоодветно постапување со отпадот (слика 1) и можност за опасност по заштитата на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

13.2. Основачот на јавното претпријатие, општината Гостивар треба да пристапи кон целосно почитување на одредбите од Законот за градење и да превземе мерки и активности за издавање одобренија/решенија за употреба на градежни објекти изградени од страна на јавното претпријатие, за кои согласно наведениот закон има обврска да ги издаде. Непостапувањето според одредбите од наведениот закон предизвикува вршење активности во градежни објекти иако: не е обезбедена потврда/веродостојни документи од надлежните органи дека градбата ги исполнува условите и е употреблива градба, не е изградена во согласност со основниот проект и проект на изведена состојба, не се поседуваат акти за технички прием извршен од комисија за технички прием на градби.

13.3. На ден 20.10.1993 година на предлог на тогашниот СОК, Окружниот Стопански суд Скопје донел решение СТ бр.222/93 со кое над „Комуналец“ Гостивар (должник) е отворена стечајна постапка, заради непрекината инсолвентност на должникот, односно неможноста да го подмири долгот спрема ГП Маврово (доверител) по однос стасаните акцептни налози за плаќање. Стечајната постапка траела (седум) 7 години односно истата е запрена на ден 30.03.2001 година со склучено присилно порамнување/решение СТ бр.11/96 донесено од Основниот суд Гостивар согласно кое јавното претпријатие да го плати намалениот долгот кон доверителот ГП Маврово во износ од 2.445 илјади денари и на доверителот Електрометал Скопје во иснос од 98 илјади денари со камата. Времетраењето на стечајната постапка во период од седум години имало влијание врз работењето на јавното претпријатие особено што од годината кога е запрена стечајната постапка (2001 година) и понатаму, отпочнало континуирано ненавремено подмирување на обврските на претпријатието а пред се по основ на јавни давачки (придонеси и даноци), оневозможување на остварување на правата од работен однос на работниците и зголемување на загубата на претпријатието која со известувачкиот период изнесува 322.819 илјади денари. За надминување на ваквата состојба надлежните органи на претпријатието и основачот потребно е да превземат активности за изработка на програма за надминување на настанатата состојба.

13.4. Напоменуваме дека до денот на ревизијата се поднесени (40) четириесет тужби од страна на вработени во јавното претпријатие (поранешни/сегашни) во кои е тужено јавното претпријатие по основ на неисплатени обврски во вкупен износ од 7.870 илјади денари и тоа по основ на: придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, надомест за хранарина и патни трошоци.

Скопје 05.05.2009 година **Овластен Државен Ревизор**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 71,547 | 77,013 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 1,271 | - |
| Останати деловни приходи | 14,986 | 9,421 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **87,804** | **86,434** |
| Материјални трошоци | 18,338 | 16,426 |
| Трошоци за бруто плати | 37,613 | 40,060 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 17,322 | 17,451 |
| Вредносно усогласување на краткорочни средства | 35,838 | 57,098 |
| Останати оперативни трошоци | 16,831 | 65,542 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **125,942** | **196,577** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 66 | 1 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 41 | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(38,113)** | **(110,142)** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(38,113)** | **(110,142)** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(38,113)** | **(110,142)** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 31.12.2007 | 01.01.2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 569 | 626 |
| Побарувања по основ на продажба | 101,663 | 103,335 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 509 | 509 |
| Други краткорочни побарувања | 296 | 1,048 |
| Платени трошоци за идните периоди | 47 | 18 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 813 | 693 |
| Залихи | 7,165 | 7,782 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | **111,062** | **114,011** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 344,703 | 360,927 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 2,740 | 2,740 |
| **Вкупно нетековни средства** | **347,443** | **363,667** |
| **Вкупна актива** | **458,505** | **477,678** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 21,900 | 20,251 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | - | 157 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 600 | 600 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 34,533 | 28,204 |
| Останати краткорочни обврски | 134,694 | 123,591 |
| Одложени плаќања на трошоци | 16 | - |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **191,743** | **172,803** |
| **Нетековни обврски** | | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 587,799 | 587,799 |
| Резерви | 1,782 | 1,782 |
| Пренесена загуба | 284,706 | 174,564 |
| Загуба за финансиска година | 38,113 | 110,142 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **266,762** | **304,875** |
| **Вкупна пасива** | **458,505** | **477,678** |

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2007 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Останат капитал | Резерви | Непокриена загуба | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **587,530** | **269** | **1,782** | **(284,706)** | **-** | **304,875** |
| Загуба за финансиска 2007 година | | | - | - | (38,113) | **(38,113)** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **587,530** | **269** | **1,782** | **(284,706)** | **(38,113)** | **266,762** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2007 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2007/2006** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(38,113)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 17,322 |
| Дополнително утврдени трошоци од поранешни години | 2,964 |
| Расход за исправка на вредност на залихи и ситен инвентар | 662 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 35,838 |
| Расходи за кусоци | 235 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски | (9,865) |
| Приходи од од употреба на сопствени производи | (1,271) |
| **Готовински текови од работење** | **7,772** |
| Побарувања по основ на продажба | (28,976) |
| Други краткорочни побарувања | 752 |
| Платени трошоци за идни периоди | (29) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (120) |
| Залихи | 311 |
| Обврски спрема добавувачи | 1,649 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (157) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 6,329 |
| Останати краткорочни обврски | 11,103 |
| Одложени плаќања на трошоци | 16 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(1,350)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | 1,293 |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **1,293** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(57)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **626** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **569** |